**Кон барањето за издавање или продолжување на единствената дозвола заради вршење на сезонска работа издадена врз основа на согласност од заводот заради сезонска работа (член 30 од законот за вработување, самовработување и работа на странци) треба да се приложи:**

- фотографија на странецот или референтниот број од електронскиот клипборд на фотографии;
- патна исправа или заверена фотокопија од патната исправа на странецот;
- доказ за соодветно здравствено осигурување што ги покрива барем итните здравствени услуги во Република Словенија, кога странецот ќе наведе дека не е задолжително здравствено осигурен во Република Словенија;
- доказ дека има доволно средства за издржување;
- уверение од кривичната евиденција од матичната држава на странецот, во случај кога се издава првата дозвола, а во останатите случаи само ако тоа го бара органот;
- договор за вработување потпишан од страна на работовачот или друг вид на граѓанско-правен договор потпишан од страна на нарачателот на работата.

**Во постапката за издавање на единствената дозвола, управната единица и Заводот за вработување на Република Словенија по службена должност ќе ги добијат следниве податоци:**

- од кривичната евиденција и евиденцијата за донесените правосилни пресуди односно за решенијата за прекршоци што ги води Министерството за правосудство во Република Словенија;
- од евиденциите за правосилните одлуки за сторените прекршоци што ги водат прекршочните органи во Република Словенија;
- за поднесените обвинителни акти што влегле во правна сила и за издадените неправосилни пресуди од евиденциите што ги води надлежниот суд;
- од евиденциите што ги води даночниот орган за втасаните ненамирени даночни обврски и за даночните прекршоци што се означени како даночна тајна;
- дека во евиденцијата на невработените лица нема соодветен невработен кандидат;
- дека нарачателот на работата или работодавачот е соодветно регистриран или запишан во деловниот регистарот за вршење на дејноста во рамките на којашто странецот ќе ја врши работата или дека е запишан во регистарот на земјоделските стопанства како носител на земјоделско стопанство или член на фарма;
- дека против работодавачот не се води ликвидациска или стечајна постапка;
- дека работодавачот поднесувал даночни пресметки за одбитоците од доходите од работниот однос за последните шест месеци пред да го поднесе барањето или за периодот кога работел, ако тој период изнесува помалку од шест месеци, доколку вработувал работници и дека нема ненамирени, втасани даночни обврски;
- дека не е исполнета квотата со којашто се ограничува бројот на странците на пазарот на трудот.

**Информации во врска со заштита на личните податоци:**

- личните податоци од образецот се наменети исклучиво за издавање на дозволата за престој и истите се обработуваат во согласност со член 93 од Законот за странци;
- органот има право да побара и други податоци ако тоа е во ваш интерес и ако со тоа се

согласувате или ако тоа го допушта законот, а согласноста што сте му ја дале на органот може да ја отповикате кога било;

- ако се исполнети пропишаните услови, вие имате право да се запознаете со сопствените лични податоци, право да побарате ограничување на обработката и право на приговор против обработката;
- имате право да проверите дали вашите лични податоци што се внесени во дозволата за престој се точни и право да барате нивна измена или нивно бришење доколку се исполнети пропишаните услови за тоа;
- управувачот ги чува вашите податоци во согласност со член 115 од Законот за странци;
- контакт на овластеното лице - официр за заштита на личните податоци во Министерстворо за внатрешни работи: електронска адреса: dpo.mnz@gov.si;
- ако мислите дека вашите податоци се обработуваат незаконски имате право да поднесете жалба до Информацискиот повереник.